ка да пренесе од сметката на корисникот на заемот (заемопримачот) во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

1003.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за финансиското работење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2496/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Законот за финансиското работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93 и 32/97), престанува да важи на 30 јуни 2001 година.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

1004.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2413/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во членот 95 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97, 25/2000 и 101/2000), ставот 3 се брише.

Член 2

Членот 96 се менува и гласи:

"Наплатата на придонесот за вработување од работодавецот ја врши Министерството за финансии - Управа за јавни приходи.

Уплатата на придонесот за вработување, за сметка на Заводот за вработување на Република Македонија, ја врши Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, со пренесување на средства на жиро сметката на Заводот."

Член 3

Во членот 99 став 1 броевите: "50.000" и "150.000" се заменуваат со броевите: "200.000" и "300.000", а во ставот 2 броевите: "10.000" и "30.000" се заменуваат со броевите: "40.000" и "50.000".

Член 4

Во членот 100 став 1 броевите: "10.000" и "30.000" се заменуваат со броевите: "40.000" и "50.000".

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

1005.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2414/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/93, 3/97, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000 и 5/2001), членот 160 став 1 по точката 3), се додава нова точка 3-а), која гласи:

"3-а) се преземаат мерки за ефикасно и редовно уплатување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од страна на обврзниците за плаќање на придонесот".